Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 22 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 116/19 и 93/21) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 12 септември 2022 година, донесе

**РЕШЕНИЕ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ПРОИЗВЕДЕНА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА**

1. Со ова решение престанува да важи Решението за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр.08-69/17 од 29 мај 2017 година („Службен весник на Република Македонија" бр.66/17) на Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Станечка Река 1".

2. Ова решение да се достави до Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија, операторот на пазарот на електрична енергија и операторот на електродистрибутивниот систем.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија", и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија, а ќе отпочне да се применува од 20 септември 2022 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје е носител на Решение за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр.08-69/17 од 29 мај 2017 година и Одлука за користење на повластени тарифа на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија УП1 бр.08-70/17 од 29 мај 2017 година.

Согласно член 20 став (1) алинеја 2) како и член 21 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) на 15 јули 2022 година поднесе Барање за престанок на статус на повластен производител заведено со арх.бр. УП1 бр.08-69/17 и УП1 бр.08-70/17.

Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје до Регулаторната комисија за енергетика дополнително на 7 септември 2022 година достави:

- Одлука за продавање на електрична енергија произведена од МХЕЦ Калин Камен 1, МХЕЦ Калин Камен 2, МХЕЦ Станечка река 1, МХЕЦ Станечка река 2 на слободен пазар донесена на собир на содружници на Друштвото за производство и трговија ХИДРО ОСОГОВО ДОО Скопје од страна на Друштвото за производство, трговија и услуги Феро Инвест ДОО Скопје, Фин Инженеринг ДООЕЛ експорт-импорт Скопје и Макинвент ДОО Скопје, заведена со архивски бр.03-19/1 од 15 јули 2022 година.

Согласно член 21 став (2) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, во кој е наведено дека повластениот производител е должен

барањето за престанок на статусот на повластен производител да го достави, најмалку 60 (шеесет) дена пред денот од кој се бара престанок на статусот на повластен производител, а имајќи го во предвид денот на поднесување на Барањето за престанок на статус на повластен производител арх.бр. УП1 бр.08-69/17 и УП1 бр.08-70/17 од 15 јули 2022 година, Регулаторната комисија за енергетика го утврди датумот на престанок на Решението за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија, УП1 бр.08-69/17 од 29 мај 2017 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/17).

Имајќи го на предвид горенаведеното, а врз основа на член 22 став (1) од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа, Регулаторната комисија за енергетика донесе Решение за престанок на важење на решението за стекнување на статус на повластен производител на електрична енергија произведена од обновливи извори на енергија за хидроелектроцентралата „МХЕЦ Станечка Река 1“.

Согласно горенаведеното, Регулаторната комисија за енергетика одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.08-69/17**
**12 септември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕГУЛАТОРНАТА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Марко Бислимоски**